Комисијата за утврдување на условите кај правното или физичкото лице за вршење стручни работи од областа на безбедност при работа, ја формира Министерот за труд и социјална политика и истата е составена од 5 члена. Комисијата постапува во согласност со Правилникот за условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење стручни работи („Сл.весник на РМ'' бр.37/08).
Постапката за аплицирање на барателот започнува во Министерството за труд и социјална политика, а потоа комисијата врши вонреден инспекциски надзор во работните простории, опремата и документацијата на правното или физичко лице - барател.

Со барањето се приложува следната документација:

- Барање од правното или физичко лице за видот на стручни работи кои сака да ги извршува во деловните простории со адреса, телефон за контакт или меил,
- Уплатница/и согласно Правилникот за висината на трошоците за издавање на дозвола за вршење на стручни работи и полагање на стручен испит за безбедност при работа („Сл.весник на РМ'' бр.56/12),
- Тековна состојба на правното или физичко лице,
- Доказ за сопственост или договор за закуп за деловниот простор во кој ќе се вршат стручните работи од областа на безбедност при работа,
- Податоци за вработените стручни лица за безбедност при работа: уверенија за стучни лица за безбедност при работа, дипломи од завршен VII/1 степен на високо образование, години стаж, договори за работа и обрасци М1/М2 и
- Список на мерни инструменти сопственост на правното или физичкото лице со кратки упатства за нив.

Трансакциска сметка:

- Назив на примачот: Трезорска сметка
- Банка на примачот: Народна банка на РСМ
- Сметка: 100000000063095
- Износ: од Правилникот за висината на трошоците за издавање на дозвола за вршење на стручни работи и полагање на стручен испит за безбедност при работа („Сл.весник на РМ" бр.56/12)
- Сметка на буџетски корисник: 150026229463118
- Приходна шифра: 725939
- Програма: 19
- Цел на дознака: вид на овластување за вршење стручни работи или увид на комисијата